ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 160/2

Дата: 11.02.2014

ДО
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОХИРУРГИЈА
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврохирургија (во понатамошниот текст - клиника) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење без резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2012 година.

Со увид во извршениот попис на средствата констатирано е дека во пописните листи се внесени количински и вредносни показатели и направено е усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Но, поради тоа што постојаните средства немаат инвентарни броеви, ревизијата не се увери во реалноста на извршеното усогласување, односно дека целосно се испочитувани одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Одговорното лице на клиниката ја информира ревизијата дека во тек е постапка за набавка на бар код читач и со пописот на крајот на 2013 година планирано е да се изврши обележување на сите средства со инвентарни броеви.

Како значајно прашање на неизвесност ревизијата ја истакнува состојбата во која и покрај тоа што Управниот одбор на клиниката во август 2009 година објавил јавен конкурс за именување на директор и целокупната документација од спроведената постапка од објавениот конкурс е доставена до министерот на Министерството за здравство, до денот на ревизијата не е донесено решение за именување директор на клиниката, а со клиниката повеќе од четири години управува едно лице вршител на должност– директор.

За истакнување е системската слабост според која согласно Конечен – записникот на Владата на Република Македонија за воведување на систем на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време во јавното здравство, Управниот одбор на клиниката донел Одлука за прифаќање на истиот, но и Одлука со која го одложува применувањето поради прекратките рокови за имплементација на системот и обука на персоналот како и поради неизвршеното усогласување на законските и подзаконските акти врз основа на кои се врши исплатата на плата во здравствениот сектор. По укажувањето на Министерство за здравство за задолжителноста на применувањето на системот на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето, клиниката сепак започнала со воведување на истиот.
Одлуката на Владата за задолжителна примена на системот за исплата на плата по работна успешност е донесена без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во Република Македонија склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат во кој не е предвиден системот на пресметка и исплата на плата по работна успешност.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во пропишаниот законски рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на клиниката на сметка за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на ова ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на клиниката застапувана од:

- Проф. Д-р Александар Чапаровски, в.д. директор од 26.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на клиниката се

користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така

вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.10.2013 до 17.12.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на клиниката на ден 17.12. 2013 година.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во пропишаниот законски рок.

### 4.1. Финансиски извештаи

Со увид во Извештајот на Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата и нивните извори на 31.12.2012 година, констатирано е дека во пописните листи се внесени количински и вредносни показатели и направено е усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Но, поради тоа што постојаните средства немаат инвентарни броеви, ревизијата не се увери во реалноста на извршеното усогласување, односно дека целосно се испочитувани одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.
Одговорното лице на клиниката ја информира ревизијата дека во тек е постапка за набавка на бар код читач и со пописот на крајот на 2013 година планирано е да се изврши обележување на сите средства со инвентарни броеви.

**Препорака:**

Одговорното лице да изврши обележување на постојаните средства со инвентарни броеви и да продолжи со активностите за набавка на бар код читач.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за неврохирургија на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за неврохирургија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на клиниката во текот на ревизијата**

Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2013 година и изготвен е налог со кој е извршено зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ 1,646 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Ревизијата констатира дека со клиниката повеќе од четири години управува едно лице вршител на должност – директор именуван со Решение од министерот на Министерството за здравство. Управниот одбор на клиниката во август 2009 година постапил согласно одредбите од член 108 од Законот за здравствена заштита, донесена е Одлука за објавување на конкурс за избор на директор, објавен е јавен конкурс за именување на директор и целокупната документација од спроведената постапка од објавениот конкурс е доставена до министерот на Министерството за

здравство, но до денот на ревизијата не е донесено решение за именување на директор на клиниката.

Со оглед на фактот што согласно член 50 од Законот за установите функцијата вршител на должност директор е од времен карактер, а заради непречено извршување на дејноста на клиниката потребно е Министерството за здравство да изврши именување на директор.

Исто така, не е именуван организациски директор, што не е во согласност со член 105 од Законот за здравствена заштита каде е предвидено на универзитетските клиники да се именуваат организациски и медицински директор.

## 7. Системски слабости

7.1. Со ревизија на начинот на исплата на плати, констатирано е дека врз основа на Извадокот од Конечен - записникот на шеесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија бр.41-17/69 од 16.06.2012 година, Владата им укажува на сите јавни здравствени установи во рамките на Универзитетскиот клинички центар Скопје, клиничките болници и општите болници во Република Македонија, од 1-ви јули до 20-ти јули 2012 година да донесат одлука за започнување на исплата на плата согласно принципот на плаќање по успешност, почнувајќи со примена на овој принцип од 1-ви јули 2012 година. Согласно наведеното, Управниот одбор на клиниката донел Одлука бр.02-524/7 од 20.06.2012 година за воведување на систем на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време. На истата седница Управниот Одбор донел уште една Одлука бр.02-524/8 во која истакнува дека го прифаќа овој систем на пресметка на плата, но не може да го прифати рокот за отпочнување на исплата на плата од 01.07.2012 година поради следните причини:

- рокот е прекраток за изготвување на бодовник на услуги како и за обука на персоналот, лекари - специјалисти и администратор;
- и покрај тоа што е утврден во Законот за здравствена заштита овој начин на исплата на плата не може да се спроведува се додека не се изготват Колективниот договор и другите подзаконски акти врз основа на кои ќе се врши исплатата на плата, со што примената на Одлуката за воведување на систем на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето се одложува на неопределено време.

По укажувањето на Министерство за здравство за задолжителноста на применувањето на системот на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето, клиниката сепак започнала со воведување на истиот.

Одлуката на Владата за задолжителна примена на системот за исплата на плата по работна успешност е донесена без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во Република Македонија склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат. Според член 6 од истиот колективен договор, платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност, односно со овој член не е предвиден системот на пресметка и исплата на плата по работна успешност.

Исто така, со донесувањето на Одлуката за исплата на плата по работна успешност не се применети одредбите од член 165 и 219 од Законот за здравствена заштита, кои се однесуваат на начинот на пресметка на платата на здравствените работници.

За истакнување е дека на почетокот на 2013 година е донесен Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија, потпишан од самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита и Министерството за здравство, но Анексот не се однесува на универзитетските клиники а истиот има примена од 1 јануари 2013 година.

7.2. Законот за здравствено осигурување ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти кои средствата за работа меѓу другите извори ги стекнуваат и од Фондот, а за здравствени услуги дефинирани со договор според утврдените цени на здравствените услуги или според извршени програми за одделни видови на здравствена заштита.

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со клиниката во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги.

За 2012 година клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија во вкупен износ од 108,216 илјади денари од кои отпишани се 1,327 илјади денари.

**ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија-сметка за средства од Фондот**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 106,889 | 110,618 |
| **Вкупно приходи** | **106,889** | **110,618** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 36,012 | 36,546 |
| Стоки и услуги | 66,577 | 73,154 |
| **Вкупно тековни расходи** | **102,589** | **109,700** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4,300 | 918 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4,300** | **918** |
| **Вкупно расходи** | **106,889** | **110,618** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија-сметка за средства од Фондот**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 5,136 | 5,103 |
| Побарувања од државата и други институции | 12 | 12 |
| Активни временски разграничувања | 19,700 | 13,714 |
| Залихи | 5,588 | 4,594 |
| **Вкупно тековни средства** | **30,436** | **23,423** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 226 | 226 |
| Материјални средства | 84,987 | 96,256 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4 | 4 |
| **Вкупно постојани средства** | **85,217** | **96,486** |
| **Вкупна актива** | **115,653** | **119,909** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 16,614 | 10,751 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 1,444 | 1,444 |
| Краткорочни финансиски обврски | 158 | 110 |
| Обврски спрема државата и други институции | 9 | 9 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,904 | 2,828 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,704 | 3,671 |
| **Вкупно тековни обврски** | **24,833** | **18,813** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 90,820 | 101,096 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **90,820** | **101,096** |
| **Вкупна пасива** | **115,653** | **119,909** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија-сметка за средства од Фондот**

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

_______________________

1.____________________
2.____________________

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **96,501** | **4,595** | **101,096** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,479** | **33,082** | **8,530** |
| Набавки | 1,214 | 33,081 | **4,265** |
| Ревалоризација на капитални средства | 4,265 | | **4,265** |
| **Намалување по основ на:** | **16,748** | **32,088** | **48,836** |
| Отпис на капитални средства | | 32,088 | **32,088** |
| Амортизација | 16,748 | | **16,748** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **85,232** | **5,588** | **90,820** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________

1.____________________
2.____________________